20101473030

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28.09.2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се вршат измени на Одлуката за утврдување на референтни цени специјалистичко-консултативната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/2008, 22/2009, 33/2010, 92/2010, 96/2010, 108/2010 и 122/2010).

Во член 2 во табелата по редниот број БА4/3, се додава следната табела:

	БА4/4	Исулин толеранс тест **MEIA,Hemiluminisc.)**	1.650

По редниот број БА11/5 се додава следната табела:

	БА11/6	**FSH** (Фоликуло стимулирачки хормон)	550
	БА11/7	**LH** (Лутенизирачки хормон)	550
	БА11/8	**E2** (естрогени)	550
	БА11/9	**PRL** (пролактин)	550
	БА11/10	**PGN** (прогестерон)	550
	БА11/11	**AND** (Андростендион)	550
	БА11/12	**DHEA** (дихидроепиандростендион)	550
	БА11/13	**TST** (Тестостерон)	550
	БА11/14	**CORT** (Кортизол)	550
	БА11/15	**17-OH PROG** (17-хидрокси прогестерон)	550
	БА11/16	**TSH** (Тиреостимулирачки хормон)	550
	БА11/17	**FT4** (Тироксин)	550
	БА11/18	**INSULIN** (Инсулин)	550

По редниот број БА17/4 се додава следната табела:

	БА17/5	МАРКЕРИ ЗА АНЕМИЈА **Haptoglobin**	600

По редниот број БА23 се додава следната табела:

	БА24	Специфични биохемиски анализи во акушерство	
	БА24/1	Пренатална биохемиска анализа за фетални аномалии во прв семестар-PRISCA 1	3.500
	БА24/2	Пренатална биохемиска анализа за фетални аномалии во второсеместар- PRISCA 2	3.500
	БА24/3	Анализа на бројот на ламинарни телца во амнионска течност за одредување на зрелост на фетални бели дробови	2.000
	БА24/4	Одредување на делта-екстинција на билирубин во плодова вода, кај RH-сензибилизација	2.300

По редниот број ВИ25 се додава следната табела:

	ВИ27	ХПВ скрининг - Полимераза Верижна Реакција	2.000
	ВИ28	ХПВ типизација - Полимераза Верижна Реакција	2.500
	ВИ29	ХПВ типизација - Реверзна Хибридизација	4.300

На крајот на табелата, по редниот број ПБ1 се додава следната табела:

	I. Цитогенетски и андролошки анализи		
	ЦГА1	Цитогенетска анализа на леукоцити од периферна крв со кариограм и Х-хроматин	6.150
	ЦГА2	Припрема на ејакулатот за интраутерина инсеминација со Swim up постапка	1.500
	ЦГА3	Спермограм	1.200

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13703/4
28 септември 2010 година
Скопје

Управен одбор
заменик на претседателот,
Ирфан Хоџа, с.р.